РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
Број 01-403/1
26.7 2024 год.
Битола

НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
БИТОЛА

Тел/факс. + + 389 47 233 - 419
Тел/факс. + + 389 47 552 - 418
E-mail: ckbitola@yahoo.com

До: Министерство за култура на
Република Северна Македонија

Предмет: Наративен извештај за работа на НУ Центар за култура – Битола во периодот јануари – јуни 2024 година

I. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Националната Установа Центар за култура – Битола е формирана во 1980 година.Во текот на повеќе деценискатa работа и активност, иницира, продуцира и афирмира високо квалитетни содржини од сите сфери на културата и уметноста.

Секоја година Центарот за култура – Битола настојува да ги реализира проектите и програмите кои имаат долгогодишна традиција но и да продуцира нови содржини кои се одраз на модерните светски културни текови.

Годишната програма за работа, НУ Центар за култура - Битола, е планирана и насоченакон реализација голем број на во проекти, концерти и манифестации во областа на музичко – сценската, драмската, визуелните дејности архитектурата и дизајнот како и кино – прикажувачката и другите дејности.

Со цел да се има увид во реализираните активности во периодот јануари – јуни 2024 година, активностите се прикажани систематизирано во следните делови:

- Манифестации, фестивали, концерти и проекти од музичко – сценската, драмската, фолклорната дејност и визуелните уметности архитектурата и дизајнот во продукција на НУ Центарот за култура – Битола.
- Киноприкажувачка и филмска дејност.
- Манифестации и проекти во организација на други субјекти, поединци, здруженија и институции во соработка со НУ Центар за култура – Битола.

Би сакале да напомениме дека за дел од манифестациите термините за реализација се поместени заради одржувањето на изборите во нашата државата.

II. МАНИФЕСТАЦИИ, ФЕСТИВАЛИ, КОНЦЕРТИ И ПРОЕКТИ ОД МУЗИЧКО – СЦЕНСКАТА, ДРАМСКАТА, ФОЛКЛОРНАТА ДЕЈНОСТ И ВИЗУЕЛНИТЕ УМЕТНОСТИ АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ВО ПРОДУКЦИЈА НА НУ ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА

1. Концерт на Камерниот оркестар на Битола „Засекогаш во срцата“ 2024
- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **16 февруари 2024 година, 19:30 и 21:30 часот**

„Засекогаш во срцата“ 2024 е музички проект поддржан од Министерство за култура на РСМ во програмата од национален интерес во културата за 2024 година. Тој е во организација на НУ Центар за култура – Битола и Камерниот оркестар Битола – IW CONNECT, како и гости - познати пејачи, во чест на големиот великан на македонската музика и позната музичка ѕвезада на Балканот, Тоше Проески. Концертот се организира шести пат во нашата институција и веќе преминува во традиција, со една цел, Тоше секогаш да остане да живее во нас преку песните. Оваа година покрај на Тоше, беа отпеани и песни на двајца македонски музичари, големи легенди, кои се забележани со пишаните големи хитови во македонската забавна музичка сцена. Тоа се Кире Костов и драган Каранфиловски Бојс. Песните на овие музички великани се нај пеани и слушани, како меѓу повозрасната публика така и меѓу младите, па слободно може да се каже дека тоа се незаборавни македонски евергрини.

Оваа година песните од Тоше ги изведуваа познати македонски пејачи: Гоца Тржан, Ристо Самарџиев, Наде Талевска, Димитар Андоновски, Ана Петановска, Бојан Стојков, Александра Трајческа, Катерина Јовановиќ. Мелодиите од песните ги изведуваа членовите на Камерен оркестар – Битола, под диригентска палка на Владимир Димовски. Поради големиот интерес и побарувачка на карти, се реализираа два концерти истиот ден 16.02.2024 год. од 19.30 и 21:30 часот, во Големата сала на НУ Центар за култура – Битола.

Следниот ден, директорот на НУ Центар за култура – Битола, Маја Андоновска Илијевски, за концертот „Засекогаш во срцата“ 2024, на својот Фејсбук профил напиша: *Вчера вечер беше првиот официјален настан од годишната програма од национален интерес за 2024 година, поддржан од Министерство за култура, во организација на НУ Центар за култура Битола во соработка со НУ Камерен Оркестар Битола. Во 2019 година кога мојата иницијатива да направиме концерт во чест на Тоше Проески, ја споделив со маестро Владимир Димовски, не ни помислувавме дека ќе стане традиционален настан за кој ќе се бара карта плус. Еве не 6 години подоцна, на концертот кој ги зачувува од*

заборав најголемите хитови. Сакам да споменам еден датум многу важен за нас битолчани. На денешен ден 17 февруари, пред точно 77 години било формирано музичкото училиште во Битола, кое е расадник на неверојатни музичари кои се запишуваат на македонското музичко небо, и опставаат длабоки траги сите овие 77 години. Од ова училиште се излезени и Тоше Проески, Кире Костов, голем дел од музичарите и пејачите на камерниот оркестар кои настапуваа синоќа на сцена на Центар за култура Битола и со овие два концерти би сакала и симболично да им ја честитаме годишнината и да им посакаме уште многу успешни години и музички кадри кои ќе бидат наши амбасадори дома и во светот. За уметноста велат дека е од бога дар, а уметниците благословени и од бога допрени. Уметникот има само дата на раѓање, затоа што преку неговиот дар -уметност живеее додека му се свират нотите, пеат песните, гледаат делата, и му се споменува името. Минатата вечер опасно се заљубиме, додека Шушка Молика, и дуваа јужни ветрови, вчера вечер на Валерија и кажавме дека Кога те нема, неприсутна си тогаш, вчера вечер испративме порака до небото, до Тоше, до чичко Кире Костов, до Бојс, дека песните им живеат, и дека им сме вечно благодарни за се што направиле. А направиле многу, оставиле неверојатен музички печат . Нека вчерашната убава вечер биде сјаен почеток на се она што го подготвуваме за битолчани за 2024 година, а верувајте ќе имаме настани за кои салата ќе се полни до последно столче. Благодарам на министерството за култура и општина Битола за поддршката, како и на IW conect , кои се погрижија Центарот за култура да има своја страна за онлајн купување на билети. Овој концерт беше тест за страната, а со тоа го олеснуваме купувањето на билети и за публиката која редовно ни доаѓа од другите градови. За крај сакам да се заблагодарам на Владимир Димовски, за беспрекорната соработка низ годините, за пријателството и професионалноста, како и на сите учесници кои вчера вечер ја оставија својата душа на сцената. Двата концерти беа исполнети до последно место,а за тоа мојот аплауз оди за нашата публика.

На 16.02.2023 година во Големата сала на НУ Центар за култура – Битола, со почеток во 19.30 и 21.30 часот беа одржани два музички концерти „Засекогаш во срцата“ 2024 , традиционално по шести пат. Оваа година концертот се изведуваше во чест Тоше Проески, но и на двата познати музичари, композитори и изведувачи на забавни македонски мелодии, Кире Костов. Учесниците и на двата концерти (секој по времетраење околу 90 минути), ги изведуваа истите музички хитови по ист редослед.

На концертот учествуваше Камерниот оркестар на Битола– IW CONNECT, под диригентска палка на познатиот музичар, диригент, а сега и директор на НУ Камерен оркестар Битола, Владимир Димовски.

Во времетраење од час и половина, од страна на учесниците, на двата концерти беа изведени следните хитови:

1. „Лагала нас мала“ – Димитар Андоновски и Бојан Стојков
2. „Громови на душа“ – Катерина Јовановиќ
3. „Боже чувај ме од зло“ – Александра Трајческа
4. „Срце није камен“ – Александра Трајческа
5. „Сонце во твоите руси коси“ – Катерина Јовановиќ
6. „Морска звездо“ – Ана Петановска
7. „Цреша“ – Ана Петановска
8. „Валерија“ – Бојан Стојков
9. „Тајно моја“ – Димитар Андоновски
10. „Кога те нема“ – Наде Талевска
11. „Полско цвеќе“ – Наде Талевска
12. „Галеб тажен“ - Наде Талевска
13. „Опасно сум вљубен во тебе“ – Ристо Самарџиев
14. „Остала си увјек иста“ – Ристо Самарџиев
15. „1200 милји“ – Гоца Тржан и Ристо Самарџиев
16. „Игри без граници“ – Гоца Тржан
17. „Чија си“ – Гоца Тржан
18. „Лагала нас мала“ - сите заедно

Концертите се одржаа со времетраење, секој од околу 90 минути, а истиот го следеа вкупно 1680 посетители, што значи по 840 посетители на вечер. На крајот од концертот, сите учесници беа наградени со стоечки овации од страна на публиката и солистите.

2. ИЗЛОЖБА „КИМОНО ИНСПИРАЦИИ“

Автор: Благој Мицевски – костимограф и режисер
Од 21 до 31.03.2024 година

По повод одбележување на триесет години дипломатски односи помеѓу нашата земја и Јапонија а исто толку години лична кариера, авторот создава дела кои се инспирирани од традиционални јапонски обичаи, уметници и воопшто поими и дела кои потекнуваат од Јапонија. Интересот кон јапонската култура и традиција многупати до сега се инспирација за костимографии и театарски претстави, во кои авторот бил костимограф. Покрај претставата по познатиот автор Мишима, во многу други претстави кимоното било составен дел од неговите костимографски решенија. Едноставната форма и крој на кимоното, нудат бескрајно многу можности за негова реинтерпретација во најразлични материјали бои и форми. И не само тоа, тука станува збор за односот кон традицијата

воопшто, нејзините трајни вредности и постојана инспирација за создавање нова современа уметност. Создадено од правоаголни најчесто ткаени форми, традиционалното кимоно многу потсетува на нашата фолклорна основна кошула која исто така била составена од такви едноставни форми кои во определена ширина се ткаеле на разбој. Важно е да се напомене дека јапонското кимоно го надживеа времето и во најразлични форми се употребува до ден денес. Почнувајќи од традиционалната селска облека, преку популарните гејши па се до кралското семејство сите го употребуваат сеуште. Го има во традиционалниот Но театар, на улиците на модниот Токио, во колекциите на светските модни дизајнери но и скоро во секоја куќа во форма на едноставна наметка за секојдневна употреба.

Со изложбата „Кимоно инспирации", авторот Благој Мицевски покрај личната опседнатост и инспирација со кимоното како употреблив објект, покажува како тоа во сооднос со други јапонски инспирации може да создаде нови уметнички дела. Во таа смисла новите дела на свој специфичен начин во изложбата, говорат за познати јапонски уметници и други автори и обичаји, доближувајќи ги до современиот гледач, пренесувајќи при тоа дел од нивното творештво кое послужило како инспирација. Тука станува збор за писателите Мишима и Мураками, креаторите Кензо, Јамамото и Реи Кавакубо, режисерите Куросава и Такеши Китано, традиционалната икебана, оригами, гејши, и чај, како и посебност однос на Јапонците кон четирите годишни времиња пролет, лето, есен и зима чие менување ја чинат смислата на животот воопшто. Токму заради тоа и изложбата е замислена да се случи во периодот околу27 Март, денот кога цутат црешите, кој е и еден од посебните празници во Јапонија,.

За каталогот на изложбата „Кимоно инспирации", драматургот Оливера Павловиќ ќе напише текст, во кој таа го излага нејзиното искуство и видување на Јапонија и јапонската култура: *Прво беше мојата средба со Мичико. Така го именував девојчето во кимоно. Исплива во мојата реалност од еден чуден гоблен, кој во времето на моето детство се везеше со трпеливите раце на жените што своите слободни часови од секојдневните обврски сакаа да ги посветат на некој друг свет, егзотичен и поетичен, кој се раѓаше од нивната смисла да оживеат секоја замисла и да ја споделат со другите. Долг, елегантно извиен фустан, со широки развиорени ракави, од кои се покажува невозможно нежна рака со сонцобран. Фигура нестварна, лелеава - не знаеш дали стои или лебди, или лета. Не обичен фустан - туку како да не го допира телото, како да поминува и да се лизга по него. Неверојатно. Ја оживеав мојата Мичико во своите детски цртежи и први дневнички записи за мојот копнеж по Прекрасното. Тоа делче небо над Јапонија на кое, знаеме сите, изгрева Сонцето, иако далечно, ми стана поблиско и топло. Кимоното, исткаено од свила и живописнисништа, се впечати во мојата претстава за*

Убавото - со целата своја префинетост, грациозност, загадочност ме повлече на патување во еден нов свет - засекогаш. Таа идеална човечка фигура, во која движењата стануваат внимателни, меки, бавни, полни со спокојство и достоинство, ми ја откри смислата на тој свет, толку непоимлив а привлечен. Едноставноста на кројот и раскошноста на украсите одразени на ткаенината, на едно парче облека, ја носеше целата философија и смисла на јапонскиот погле на свет - уметноста да се живее во хармонија со Природата, со се создадено во еден здив, во секоја Поединечност да се живее Целосноста. Целата убавина на живеењето".

Триесетгодишната кариера на авторот Благој Мицевски била можност каде тој ја изразувал јапонската разнообразност преку форми и содржини. Преку изложбата покрај личната опседнатост и инспирација со кимоното како употреблив објект, авторот го покажува соодносот со други јапонски инспирации, создавајќи нови уметнички дела. Во таа смисла, овие нови дела на свој специфичен начин говорат за познати јапонски уметници и други автори и обичаи, така што се доближуваат до современиот гледач, во исто време пренесувајќи дел од нивното творештво, кое послужило како инспирација. Тука станува збор за писателите Мишима и Мураками, креаторот Кензо, Јамамото и Реи Кавакубо, традиционалната икебана, оригамите, гејшите, чајната церемонија, како и осебниот однос на јапонците кон четирите годишни времиња, пролет, лето, есен и зима, кои се прикажани и во последниоте креации на авторот.

На ден 21.03.2024 година со почеток во 19:00 часот, во фоајето на НУ Центар за култура Битола, беше свечено отворена изложбата насловена како „Кимоно инспирации" на авторот Благој Мицевски- костимограф и режисер, која е дел од програмата на институцијата за 2024 година финансирана од Министерство за култура на РС Македонија. На изложбата беа изложени 15 фотографии, поставени на штафелаи во просторот, како и 13 кимона, поставени на кукли во таква констелација, што им дозволи на посетителите да се движат помеѓу нив. Тоа беше уште една можност одблиски да се почувствува убавината на префинетите уметнички дела.

На изложбата, како домаќин на институцијата која го организира и реализира проектот, поздравен говор одржа директорката на НУ Цента за култура - Битола, Маја Андоновска Илијевски. Таа облечена во кимоно од авторот, читајќи дел од текстот во каталогот, со посебен уметнички шмек, даде дополнителна тежина на самиот настан. Исто така како големо добредојде и благодарност за присуството, искажа и самиот автор на изложбата Благој Мицевски, при тоа раскажувајќи дел од своите инспирации и патешествија до идејното решение на самата изложба. За гостите по свеченото отворање, авторот на изложбата имаше подготвено мал коктел.

На самото отворање на изложбата присуствуваа повеќе од 80 луѓе. Делата беа изложени во период од 10 дена (од 21 до 31.03.2024 година), а ги посетија повеќе од 2000 луѓе и публика која во тој период ги посети настаните реализирани во Центар за култура.

3. 25-ти ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА МОНОДРАМА – БИТОЛА
- НУ Центар за култура – Битола
- од 25 до 31 мај 2024 година

НУ Центар за култура од Битола, е организатор на 25-от ,по ред, Интернационалниот фестивал на монодрама-Битола 2024, кој ќе одржа од 25 до 31 мај 2024 година. Покровител е Министерството за култура на РС Македонија. Оваа година зедоа учество актери од повеќе земји и тоа: Србија, Бугарија, Хрватска,Грција , Казахстан ,Ерменија ,Турција, Обединети Арапски Емирати, како и две монодрамски остварувања од РС Македонија. Претставите се играа на сцените на Центарот за култура и на сцените на Народниот театар.

Свеченото отворање се одржа во салата на НУ Центар за култура - Битола, каде , пред преполната сала , гостуваше манифестацијата „ГЛУМЦИТЕ ПЕАТ“, во продукција на Артивити, Скопје, на огромно задоволство на битолската публика.

На свеченото отворање ,по повод јубилејот,25 години Интернационален Фестивал на монодрама, беа доделени признанија на личности и организации ,кои дале придонес во развојот на фестивалот, како Општина Битола, Министерство за култура, ЗИК Пелагонија АД Битола и др.

Оваа година фестивалот, кој траеше седум дена, го продолжи концептот да ја прошири програмата со претстави во придружна програма, така да се збогати самиот фестивал и наиде на одобрување од бројната публика.

Низ градот беа присутни на неколку локации актерите на СТАТУА ФЕСТ од Скопје,кои секогаш предизвикуваат огромен интерес.

На ден 26 мај 2024 год, со почеток во 18ч. се оджа промоцијата на издадената книга: МОНОДРАМИ 2023, од конкурсот за анономен монодрамски текст , кој се распиша во септември, 2023 год. Промотори беа дел од членовите на жири за текстовите- драматурзите и писатели Биљана Крајчевска и Сашо Димоски.

На вториот фестивалски ден веќе се прикажаа две монодрами од кои првата беше од Нови Сад, Србија „БЕЗ ОТКАЖУВАЊЕ“ на актерката Марија Меденица која со својата актерска експресија веднаш ја освои публиката. Втората претстава беше претставата „ФЕТИШИСТ“, по текст на Мишел Турние, во копродукција на актерот Здравко Стојмиров и НТБ Битола.

Третиот ден беше резервиран за одлични монодрами и тоа: претставата од Софија ,Бугарија „КУЧЕНЦЕТО СЕ НАСМЕА“, по текст на Џон Фанте, а во режија на Ана Батева, во изведба на младиот актер Севар Иванов.

Втората беше претставата од Театарот Painted Bird од Истанбул, Турција, по текстот на Хенрик Ибзен „КУЌАТА НА НОРА“, во режија на Жале Карабекир и изведба на прекрасната Седа Елхан, која на многу пластичен начин ни ја прикажа осаменоста на жената.

Следниот фестивалски ден беше претставена „ МЕДЕЈА “, претстава во продукција на Театарската компанија 1+1=1, од Атина, Грција, по мотиви на Еврипид, а драматизација и режија Софија Дионисопулу, а во бравурозна изведба на Деспина Сарафеиду.

Во терминот од 21,30 ч. се одржа премиерата на „СИТЕ НАЈУБАВИ НЕШТА“, ОХО продукција, продуцент Пеце Талески, режија на маестралниот Дејан Пројковски, а актерот беше Игор Ангелов, кој ја воодушеви публиката, која беше во голем број. По одлука на продуцентот, оваа претстава беше повлечена од натпреварувањето за награди, поради тоа што член на жирито беше сопругата на Дејан Пројковски, прекрасната актерка Билјана Драгиќевиќ Пројковска.

Веќе на 29 мај 2024, со почеток од 20ч. настапија учесниците од Културниот Центар Арам Хованисјан, Ереван, Ерменија, со претставата „ДОН КИХОТ“ од Мигуел де Сервантес, во продукција на Маријана Фринијан, а режија и актерска игра на Арам Хованисјан. Претставата беше проследена од многубројната публика и беше наградена, на крајот, со долги аплаузи, заради симболиката, актерската игра и префинетоста на театарскиот израз на актерот.

Во терминот од 21,30, блесна прекрасната актерка од Рускиот Драмски театар,од Костанај, Казахстан, младата Јулија Кудрјашова во претставата „КОЈ ГО ЗНАЕ ЕДНИОТ“, по мотиви од Бригит Шбајгер, за потресната приказна на млада еврејка во времето на холокаустот. Режијата беше на Дина Зумбаева.

На 30 мај 2024 ,четврток, беа прикажани две, секоја на свој начин, уникатни монодрамски остварувања.

Со почеток од 20ч на сцената играше младата актерка Теа Шимиќ, во претставата „БУКАЧА“, работена според романот на Мартина Млинаревиќ, а во продукција на Театарска Дружина ЕМА од Загреб, Хрватска. Теа Шимиќ, воедно, беше и решисер на потресната приказна за жената која се бори со канцерот и стигмата околу него.

Во 21,30ч., за прв пат во историјата на фестивалот на монодрама, а мислам и на останатите театарски сцени во Македонија, ни гостуваше Театарот од Фуџарах, Обединети Арапски Емирати, со претставата „СВЕЌАТА“, писател и режисер Ахмед Абдула рашида , во уникатна изведба на арапски јазик на актерот Абдула Масуд.

Со овие претстави заврши компетитивниот дел на фестивалот, по што, жирито во состав: Зоја Бузалковска, претседател, Нина Мазур од Германија- член и Биљана Драгиќевиќ Пројковска –член, едногласно ги доделија наградите на фестивалот.

Прва награда, ГРАН ПРИ на фестивалот за најдобра претстава ,во целост, беше прогласена „ДОН КИХОТ“ на Културниот Центар од Ереван, Ерменија режија и актер Арам Хованисјан, продуцент Маријана Фринијан. Наградата за најдобар актер ја понесе Јулија Кудрјашова, за претставата „КОЈ ГО ЗНАЕ ЕДНИОТ“, Од Рускиот Драмски Театар од Костанај, Казахстан.

Наградата за најдобра режија ја доби младата Теа Шимиќ од ЕМА Театарот од Загреб, Хрватска за претставата „БУКАЧА“, чиј режисер и актер беше самата таа.

Традиционално, градоначалникот ја додели наградата од публика, за која гласаше публиката после секоја претстава и, иако беше вон конкуренција,

наградата ја доби претставата „СИТЕ НАЈУБАВИ НЕШТА“ на ОХО продукција, режија на Дејан Пројковски, актерски силно и многу емотивно ја изнесе извонредниот актер Игор Ангелов.

Годинава, од страна на Интернационалниот Фестивал на монодрама и директорот Маја Андоновска Илијевски беше доделена и Специјална награда на гостите од Фуџарах ОАЕ, за уникатно театарско доживување за изведбата на оригинален арапски јазик во претставата, „СВЕЌАТА“, која предизвика голем интерес кај публиката.

На свеченото затворање беа прочитани две поздравни писма од д-р Осама Рауф., директор и основач на Монодрама Фестивалот во Каиро, Египет и , на наше големо задоволство и чест , беше прочитано и поздравно писмо од д-р Мохамад Алафкам , Пртседател на Светскиот Форум на ИТИ при УНЕСКО, со што ни го честита 25 –годишниот јубилеј на фестивалот.

Потоа, беше прикажана претставата „ЧУДНИОТ СЛУЧАЈ НА КУЧЕТО ВО НОЌТА“, од Драмски театар Скопје, драматург Александра Бошковска, а во режија на Зоја Бузалковска.

Со тоа, заврши јубилејното издание и беше спуштена завесата на 25-от Интернационален Фестивал на мон одрама, Битола 2024 год.

4. 49-та ДРЖАВНА ИЗЛОЖБА НА ДЕТСКИ ЛИКОВНИ ТВОРБИ НА ТЕМА „НАРОДНАТА КУЛТУРА КАКО ТРАЈНА ИНСПИРАЦИЈА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО“

- Фоаје на НУ Центар за култура – Битола
- 2 мај до 30 јуни 2024 година

„Изложбата „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ е едно патување во имагинација на децата - секое парче ликовно дело е сведоштво за богатата таписерија на нашето културно наследство. Преку палетата на традиционални уметнички форми, фолклор и историски симболи, овие млади уметници изработија уникатни ремек-дела што ја „преповторуваат“ душата на нивните културни корени но истовремено внесуваат автентична креативност и уметнички иновации создавајќи уникатни визии за своите приказни со светот.

Овде сме сведоци на безвременоста помеѓу културното наследство и креативното изразување кое поттикнува истражување и негување на традицијата, истакнувајќи ја клучната улога на културното образование во негувањето на уметничкиот раст и личниот развој кај децата.“

Маја Андоновска Илијевски
Директорка на НУ Центар за култура - Битола

„Традиционалните културни вредности, преточени низ фокусот на современиот детски светоглед и восприемени од сензитивноста на детскиот

интерес и оваа година разбудија високо креативен процес кој резултира со уметнички одсјај како предзнак на новите зраци на инспирација за раѓање на нови уметнички вредности втемелени во културното наследство и насочени кон иднината.

Четириесет и деветтата по ред Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ ни донесе нов здив на креативност, разновидност, уметност и убавина.

Прекрасните творечки искуства низ деценииите на пулсирање на изложбата, која допре до креативниот врутоκ на десетици илјади детски срца, секоја година носат нова свежина, нови ликовни техники на изразување, квалитетен творечки континуитет и исполнување на визионерската мисија за инспирација, континуитет и уметничка надградба на народните културни вредности.

Како резултат на посветената на работа на децата творци, нивните ликовни педагози и ментори, оваа година стручната жири комисија селектира за изложување 610 детски ликовни творби од 57 ликовни колекции од основните училиштата од РС Македонија.

Сето тоа ни дава за право да констатираме дека 49-тата по ред Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ комплетно ја исполни својата и зацртаните цели и трасира нови патеки за развој.

Чекорењето во правец на континуитетот на Традиционалните културни вредности продолжува со нова енергија, свежина и креативен потенцијал....“

м-р Валентин Соклевски

49-то издание на Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ е воспоставена во 1975 година со мисија и главна цел да овозможи континуитет на народната култура преку инспирација и творештво.

Реализирајќи ги целокупните потребни активности од есента 2023 година па се до мај 2024 година, во согласност со потврдените оперативни планови и програми, на зададената тема се ангажираа голем број деца – творци заедно со нивните ментори и ликовни педагози од основните училишта ширум нашата држава. До организаторот пристигнаа преку 2.000 детски творби од кои за експонирање беа селектирани околу 610 творби.

Свечено отворање на Изложбата се реализира на 03 јуни 2024 година со почеток во 12 часот на платото и во фоајето на НУ Центар за култура – Битола.

Во рамките на официјалниот чин свој пригоден говор одржа Маја Андоновска Илијевски, Директорот на НУ Центар за култура – Битола.

Во рамките на свеченото отворање, Маја Андоновска Илијевска во името на НУ Центар за култура – Битола им предаде награди и признанија на најуспешните детски творци и нивните ликовни педагози.

Во согласност со Пропозициите, Жири комисијата во состав: Панде Петровски – ликовен педагог, Весна Дунимагловска – ликовен педагог, Анкица Стевановска – професор по класично сликарство, доделени соодветни награди и признанија и тоа:

ЖИРИ КОМИСИЈАТА ДОДЕЛИ СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА ЗА КОНТИНУИРАНО ЧЕТИРИ ПАТИ ПО РЕД ДОБИЕНА НАГРАДА ЗА НАЈДОБРА КОЛЕКЦИЈА НА:

1.ООУ „Коста Рацин“ Општина Брвеница, с.Брвеница, л.п. Лина Тренкоска
2.ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани, л.п. Марија Мицова Гацова

ЖИРИ КОМИСИЈАТА ДОДЕЛИ РАМНОПРАВНИ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ КОЛЕКЦИИ НА СЛЕДНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И НИВНИТЕ ЛИКОВНИ ПЕДАГОЗИ

1. ООУ „ Гоце Делчев“ – Кавадарци , л.п. Ристо Јосифовски
2. ООУ „Димче А. Габерот“ – Демир Капија, л.п. Валентина Вучиниќ
3. ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово, л.п. Марија Ц. Мартиновска
4. ООУ „Елпида Караманди“ – Битола, л.п. Славица Маркоска
5. ООУ „Дервиш Цара“ с. Долно Палчиште, Боговиње л.п. Мирјета Халили
6. ООУ „Никола Карев“ Крушево, л.п. Емил Солевски
7. ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Добрушево, Могила, л.п. Кирил Т. Константин

ЖИРИ КОМИСИЈАТА ДОДЕЛИ ПОЕДИНЕЧНИ НАГРАДИ ЗА НАЈУСПЕШНИ ЛИКОВНИ ТВОРБИ НА СЛЕДНИТЕ УЧЕНИЦИ

1. Наталија Тасева, Симона Стојанова, Матеа Маринковиќ, Антонија Леова ООУ „Димката А. Габерот“ - Кавадарци
2. Ивона Коцева IX-4 одд. ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - Кочани
3. Каја Наумовска VI-б одд. ООУ „Даме Груев“ - Битола
4. Марија Тасеска VI одд. ООУ „Кочо Рацин“ - Охрид
5. Мила Ѓорѓиева IX-б одд. ООУ „Димката А. Габерот“ - Кавадарци
6. Ива Стефаноска III-2 одд. ООУ „Добре Јованоски“ - Прилеп
7. Ана-Марија Радевска VIII одд. ООУ „Даме Груев“ - Битола, с. Долно Оризари
8. Петар Илоски IX одд. ООУ „Кочо Рацин“ - Охрид
9. Магдалена Костоска IX-1 одд. ООУ „Коста Рацин“ – с. Брвеница
10. Виктор Велевски VIII одд. ООУ „Браќа Миладиновци“ - Ресен, с. Царев Двор
11. Ангела Коцевска VIII- одд. ООУ „Коста Рацин“ – с. Брвеница
12. Лианне Ван Дер Хрелм IX-2 одд. ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - Кочани
13. Ангела Петровска VI-а одд. ООУ „Даме Груев“ - Битола
14. Лилјана Смилева VIII одд. ООУ „Гоце Делчев“ - Кавадарци

15. Евгенија Атанасовска IX-3 одд. ООУ „Браќа Миладиновци“ - Куманово
16. Ефимија Новаковска VII-4 одд. ООУ „Владо Кантарџиев“ - Гевгелија
17. Стефан Коцев VI-4 одд. ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - Кочани
18. Даниела Теова VIII-4 одд. ООУ „Васил Главинов“ - Велес
19. Бобан Мелов IX-б одд. ООУ „Димче Ангелов Габерот“ - Демир Капија
20. Елена Кирова IX одд. ООУ „Св. Кирил и Методиј“ - с. Иловица
21. Михаил Јовановски IX-5 одд. ООУ „Тодор Ангелевски“ – Битола
22. Ветон Муареми VI-1 одд. ООУ „Наим Фрашери“ - Тетово
23. Ива Милевска 9-А. ООУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола
24. Мирјана Тодорова 7-2 одд. ООУ „Владо Кантарџиев“ Гевгелија
25. Лазар Ѓоршевски 7-А, ООУ „Елпида Караманди“ Битола
26. Софија Илиевска 7-1 , ООУ „Васил Главинов“ Велес
27. Михаела Ќебакоска 5 – одд. ООУ „Кочо Рацин“ с. Ивањевци
28. Христијан Крстевски 7-5 одд. ООУ „Тодор Ангелевски“ с. Горно Оризари
29. Ања Ѓорѓиоска 2-3 одд. ООУ „Блаже Конески“ Прилеп
30. Катја Босилковска 7-2 одд.ООУ „Гоце Делчев“ Битола

Во рамките на изложбата беа изложени 610 детски творби од 57 основно училиште од РС Македонија. Изложбата беше отворена за посета во периодот од 03 јуни до 30 јуни 2024 година. Изложбата ја посетија преку 2.500 посетители. За потребите на изложбата напечатен е соодветен *Каталог* со податоци за учесниците и нивните ликовни педагози и ментори.

Во рамките на активностите поврзани со изложбата НУ Центар за култура – Битола издаде *Боенка „Народната култура – трајна инспирација“* во која се поместени дел од наградените детски творби од овогодишната изложба.

III. КИНОПРИКАЖУВАЧКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ

ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КИНОПРИКАЖУВАЧКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ НА НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА БИТОЛА ЗА 2024 ГОДИНА

НУ Центар за култура Битола располага со две сали кои се опремени за кино проекции,„Голема сала“ со капацитет за 847 посетители и „Мала сала“ со капацитет за 107 посетители.

Благодарение на филмскиот проектор BARCO DP2K-23B, со кој е опремена големата сала, НУ Центар за култура Битола има можност да ги прикажува сите најнови филмски наслови.

Малата сала не располага со ДЦП опрема за прикажување на филмови. Новите филмски наслови не се достапни на блу-реј технологија, што го отежнува планирањето и распределбата на филмови, како и зголемувањето на приходот од влезници.

Вкупниот број на посетители на филмските проекции за периодот од 16 јануари до 27 јуни 2024 година е 11.808 (од редовен репертоар и другите организирани активности).

Во прилог е листа на насловите кои биле прикажани во голема и мала сала:

1. Ферари
2. Пчеларот
3. Духот на Катервил
4. Сенките на Караваџо
5. Бедни суштества
6. Недела
7. Аргајл
8. Вонка
9. Дина – реиздание
10 Прекрасна венчавка
11 Персона
12 Големата авантура на мачката РУ
13 Мадам Веб
14 Парис, Тексас
15 Демоништувач: Обука за Хашира
16 Трка за слава: Ауди против Ланчиа
17 Дина 2
18 Добриот шеф
19 Големиот Лебовски
20 Кучиња во операта
21 Смрдушковци - Добредојдовте во Смрдвил
22 Кунг фу панда 2
23 Замислен
24 Северна утеха
25 Јорговани
26 Јас, капетан
27 Џунгла
28 Бегхед: Гласот на мртвите
29 Мајчински инстинкт
30 Годзила и Конг: Новото царство
31 Селани
32 Тешка недела
33 Тера Вили
34 Monkey Man
35 Miami Bici 2

36 Cat Person
37 The First Omen
38 Момчето и чапјата
39 Истерувачи на злото : Смрзнато Царство
40 Анатомија на падот
41 Абигејл
42 Каскадер
43 Безгрешна
44 Крави
45 Мама полни сто години
46 Теза за едно убиство
47 Ел Бола
48 Седум маси за билјард
49 Џинот
50 Елиза љубов моја
51 Кунг фу панда 2
52 Предизвикувачи
53 Луси гангстерката
54 Back to Black
55 Планетата на мајмуните: Ново кралство
56 Замислени пријатели
57 Тарот: Карти на Смртта
58 Вкусот на љубовта
59 Гарфилд
60 Фуриоза: Сага За Лудиот Макс
61 Љубов и крвопролевање
62 Авантурите на Биби и Боби-Волшебната шума
63 Присила
64 Лоши Момци: Сè или ништо
65 Набљудувачи
66 Опаку наопаку 2
67 Егзорцизам
68 Моторџии
69 Подлиот јас 4
70 Домаќинство за почетници

ВЕЛИКАНИТЕ НА „БРАЌА МАНАКИ“

Во пресрет на 45-ото издание на Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“ во соработка со НУ Кинотека на РСМ беше организирана ретроспектива на културни филмови чии кинематографери се некои од досегашните лауреати на „Браќа Манаки“.

ПРЕМИЕРА НА КРАТКОМЕТРАЖЕН ФИЛМ „АМИН“

НУ Центар за култура Битола организира премиера на краткометражниот филм „Амин“ во режија на Марија Јанковиќ.
Во филмот реализиран од ,,Генерал Филм Студио“ од Скопје играат битолските актери Петар Горко, Маја Андоновска – Илиевски и Петар Мирчески.

Продуцентот на краткометражниот филм е Дарио Јанковиќ, директор на фотографија е Кристијан Теодоров, а музиката е на Димитар Андоновски.

Влезот на премиерата на филмот беше бесплатен.

НЕДЕЛА НА ШПАНСКИ ФИЛМ

Филмската програма на Центар за култура Битола стана препознатлива во јавноста по богатата понуда на филмски наслови, по заложбите за промоција на македонски и европски филмови.

Долгогодишната соработка со Амбасадата на Кралството на Шпанија во реализацијата на филмскиот циклус „Недела на шпански филм“, за нас претставува голема чест, но и задоволство бидејќи нашата филмска понуда ја збогатуваме со филмски наслови од ризницата на шпанската кинематографија, која несомнено продуцира исклучителни филмски дела.

Неделата ја отвори Н.Е. г-ѓа Ана Грациа Гајего, Заменик - Амбасадор на Кралството Шпанија.

IV. МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ, ПОЕДИНЦИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ИНСТУТУЦИИ ВО СОРАБОТКА СО НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА

Сценските простори на Центарот за култура – Битола се отворени за проекти, манифестации, концерти, претстави и други проекти од различни жанрови и дејности во организација на други институции, организации, здруженија, поединци и уметници од РС Македонија и странство. Дел од тие манифестации беа од комерцијален, а дел од непрофитен карактер. Најголемиот дел од манифестациите од непрофитен карактер се реализирани во соработка со НУ Центар за култура – Битола.

Согласно Летописната книга во првиот дел од 2023 година се реализираа :

1. **МТВ Концерт на Камерен оркестар на Битола**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: МЈУЗИК АРТ Битола
   - 03.02. 2024 – 20 часот
   - Присутни : 850 посетители

2. **МТВ Концерт на Камерен оркестар на Битола**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: МЈУЗИК АРТ Битола
   - 03.02. 2024 – 21:30 часот
   - Присутни : 850 посетители

3. **МТВ Концерт на Камерен оркестар на Битола**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: МЈУЗИК АРТ Битола
   - 03.02. 2024 – 21:30 часот
   - Присутни : 850 посетители

4. **МТВ Концерт на Камерен оркестар на Битола**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: МЈУЗИК АРТ Битола
   - 04.02. 2024 – 20:00 часот
   - Присутни : 800 посетители

5. **МТВ Концерт на Камерен оркестар на Битола**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: МЈУЗИК АРТ Битола
   - 04.02. 2024 – 21:30 часот
   - Присутни : 800 посетители

6. **Промоција на книга „Нечесници и 30-ти роденденот мој Б. Тодоровски**
   - Мала сала на НУ Центар за култура
   - Организација: Бојан Тодоровски
   - 10.02. 2024 – 18:00 часот
   - Присутни : 30 посетители

7. **Дебатен клуб „Контра кадар“**
   - Мала сала на НУ Центар за култура
   - Организација: Дебатен клуб „Контра кадар“
   - 10.02. 2024 – 18:00 часот
   - Присутни : 30 посетители

8. **Дебатен клуб „Контра кадар“**
   - Мала сала на НУ Центар за култура
   - Организација: Дебатен клуб „Контра кадар“

- 17.02. 2024 – 19:30 часот
- Присутни : 30 посетители

9. **Концерт на „Битолски дувачки оркестар“**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: Здружение „БИТ – АРТ“
   - 22.02. 2024 – 20:00 часот
   - Присутни : 650 посетители

10. **Концерт на Танцов спортски клуб „Спартакус“ Битола**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: ТСК „Спартакус“ Битола
   - 24.02. 2024 – 19:30 часот
   - Присутни: 400 посетители

11. **Концерт на “THE FRAJLE”**
   - Голема сала на НУ Центар за култура
   - Организација: МОДУС ПРО Продукција ДООЕЛ Скопје
   - 13.03. 2024 – 21:00 часот
   - Присутни: 800 посетители

12. **Дебатен клуб „Контра кадар“**
   - Мала сала на НУ Центар за култура
   - Организација: Дебатен клуб „Контра кадар“
   - 22.03. 2024 – 19:30 часот
   - Присутни: 30 посетители

13. **Дебатен клуб „Контра кадар“**
   - Мала сала на НУ Центар за култура
   - Организација: Дебатен клуб „Контра кадар“
   - 27.03. 2024 – 19:30 часот
   - Присутни: 30 посетители

14. **Предавање „Рано откривање спасува живот“**
   - Мала сала на НУ Центар за култура
   - Организација: Дебатен клуб „Контра кадар“
   - 28.03. 2024 – 19:30 часот
   - Присутни: 15 посетители

15. **СТЕНД АП - комедија**
   - Голема сала на НУ Центар за култура

- Организација: Бојан Велевски - актер
- 30.03. 2024 – 20:00 часот
- Присутни: 847 посетители

16. Џез фабрика фестивал

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: ЏФФ и НУ Центар за култура - Битола
- 03.04.2024 – 18:30 часот
- Присутни: 30 посетители

17. Концерт на Александар Радовиќ

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: МОДУС ПРО продукција ДООЕЛ Скопје
- 05.04.2024 – 21:00 часот
- Присутни: 400 посетители

18. Патронат на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола
- 18.04.2024 – 19:00 часот
- Присутни: 800 посетители

19. Детски фолклорен фестивал „Весел петок“

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: КУД „Илинден“ Битола
- 10.05.2024 – 14:00 часот
- Присутни: 800 посетители

20. Изложба на фотографии од Катерина Мавровска

- Долно Фоаје на НУ Центар за култура
- Организација: Катерина Мавровска и НУ Центар за култура - Битола
- 10.05.2024 – 19:00 часот
- Присутни: 800 посетители

21. Концерт на „Црвена јабука“

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: МОДУС ПРО продукција ДООЕЛ Скопје
- 11.05.2024 – 20:00 часот
- Присутни: 600 посетители

22. Приредба по повод денот на градинката „Мајски цвет“

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: ЈОУГД „Мајски цвет“ Битола
- 16.05.2024 – 18:00 часот
- Присутни: 850 посетители

23. Завршна приредба на ЈОУДГ „Естреа Овадија Мара“ Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: ЈОУДГ „Естреа Овадија Мара“ Битола
- 04.06.2024 – 17:00 часот
- Присутни: 850 посетители

24. Концерт на АФ „Плетенка“ Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: АФ „Плетенка“ Битола
- 05.06.2024 – 19:00 часот
- Присутни: 700 посетители

25. Концерт на Камерниот оркестар на Битола во чест на Кире Костов

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: МЈУЗИК АРТ Битола
- 07.06.2024 – 20:00 часот
- Присутни: 750 посетители

26. Танцов перформанс

- Нова сцена на НУ Центар за култура
- Организација: Ангела Петровска
- 08.06.2024 – 20:00 часот
- Присутни: 70 посетители

27. Полугодишен концерт на КУД „Илинден“ Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура
- Организација: КУД „Илинден“ Битола
- 22.06.2024 – 18:30 часот
- Присутни: 700 посетители

V. ВКУПНО ПОСЕТИТЕЛИ

рб	МАНИФЕСТАЦИИ	ПОСЕТИТЕЛИ
1.	МАНИФЕСТАЦИИ, ФЕСТИВАЛИ, КОНЦЕРТИ И ПРОЕКТИ ОД МУЗИЧКО – СЦЕНСКАТА, ДРАМСКАТА, ФОЛКЛОРНАТА ДЕЈНОСТ И ВИЗУЕЛНИТЕ УМЕТНОСТИ АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ВО ПРОДУКЦИЈА НА НУ ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА	8.180,00
2.	КИНОПРИКАЖУВАЧКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ	11.808,00
3.	МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ, ПОЕДИНЦИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ИНСТУТУЦИИ ВО СОРАБОТКА СО НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА	14.285,00
	ВКУПНО	**34.285,00**

Програмските содржини реализирани во периодот јануари – јуни 2024 година ги проследија преку 34.285,00 посетители

ВС / ЉС / МХМ / ЉКП

НУ Центар за култура – Битола
Директор
Маја Андоновска Илијевски